# ДА ВИ СЕ ПРЕТСТАВАМ

Родена сум покрај огниште (18 февруари) во планинското село Варварица, Струмичко, село во кое пиле не пропеало: кар, пусто, неплодно, без вода, струја и пат. Се живеело од стоката, но дошол денот козите ги уништиле, стоката ја зеле... И каде? Во градот? Ме зел татко ми под мишка на три години и по печест саати пеш ме донесува во Струмица. Многу брзо се снашол, го оформил своето образование и како чиновник ме шетал низ Македонија: Дебар, Гостивар, Скопје, и пак назад во Струмица.

Тука сум завршила основно и средно образование, а Филозовски факултет, група Славистика со Македонски јазик како втор главен предмет во Скопје.

Во 1971 година се вработив во Институтот за македонски јазик и тука ги поминав сите звања: од стажант до научен советник. Едновремено магистрирав на тема од областа на ономастиката и докторирав на филолошки науки на тема од областа на лексикологијата.

Кога одам во Варварица неволно погледот го управувам кон високите карпи од кои изникнале ретки жилави дрвја желни за живот и несакајќи се споредувам со нив зашто сум родена во невозможни животни услови, а еве сега работам во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје.

Во текот на мојот досегашен живот и работен век сум имала среќни и, за жал, несреќни моменти. Ако нешто сум постигнала сум го сторила тоа со многу труд и ќе кажам отворено со многу горчини, со многу отпори кои сега се минато определено свршено време, но кога биле во сила многу ја разнебитувале мојата душа. Како и да е еве сега овдека, на ова место, го објавувам мојот труд „Речник на синтагми, полуизрази и изрази“ (Од аспект на нивното дефинирање). Со карактер на СИНОНИМЕН.

Читајте и судете сами!